# ОДБОЈКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
## VOLLEYBALL FEDERATION OF MACEDONIA

## БИЛТЕН БРОЈ 37-А Сениори

**Содржина:**

1. Регистрација на натпревари;
2. Резултати од финале на Плеј оф, Прва лига-жени-4 и 5 натпревар;
3. Пласман на екипите од Прва лига-мажи и жени и Втора лига-жени во сезона 2025-26 година;
4. Информации;
5. Заклучок.

**АД-1.** Регистрација на натпревари.

Согласно Член 15 од Правилникот за натпреварување,став 2, алинеја 2 и Член 6 од Пропозиции за натпреварување, став 2, алинеја 2, натпреварите одиграни во:
- Финале на Плеј оф во Прва лига-жени, 4 и 5 натпревар, ги регистрирам со постигнатите резултати.

**АД-2.**Резултати од финале на Плеј оф, Прва лига-жени - 4 и 5 натпревар.

| ПРВА ЛИГА-ЖЕНИ - ПЛЕЈ ОФ ФИНАЛЕ - 4 натпревар | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **2-106** | **Сала** | **СЦ „БОРИС ТРАЈКОВСКИ“, мала сала- Скопје** | **Термин** | **08.05.2026 (18:00)** | | | |
| **Домаќин** | **ОК „РАБОТНИЧКИ СКОПЈЕ“- Скопје** | **3** | 25 | 27 | 27 | | | 79 |
| **Гостин** | **ОК „НАКОВСКИ ВОЛЕЈ“- Струмица** | **0** | 15 | 25 | 25 | | | 65 |
| **Суди.колег.** | 1 Јосип Христов | 2 Славчо Здравески | Делегат | Здравко Здравески | | | | |
| **Забелешка** | Одлична организација. Без забелешка на текот и резултатот на натпреварот. | | Записник | Јана Јанкоска | | | | |
| | | | **Жолт карт.** | РБС-Тренер-Деспотовски Д. | | | | |

| ПРВА ЛИГА-ЖЕНИ - ПЛЕЈ ОФ ФИНАЛЕ - 5 натпревар | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **2-107** | **Сала** | **СОУУД „ДИМИТАР ВЛАХОВ“-Струмица** | **Термин** | **11.05.2026 (18:00)** | | | |
| **Домаќин** | **ОК „НАКОВСКИ ВОЛЕЈ“- Струмица** | **1** | 25 | 20 | 25 | 23 | | 93 |
| **Гостин** | **ОК „РАБОТНИЧКИ СКОПЈЕ“- Скопје** | **3** | 16 | 25 | 27 | 25 | | 93 |
| **Суди.колег.** | 1 Јосип Христов | 2 Славчо Здравески | Делегат | Зоран Карановиќ | | | | |
| **Забелешка** | Одлична организација. Без забелешка на текот и резултатот на натпреварот. | | Записник | Филип Ричлиев | | | | |
| | | | **Жолт карт.**<br>**Црвен карт.** | РБС-Тренер-Деспотовски Д.<br>РБС-АС1-Попов Ј. | | | | |

✓ **ОК „РАБОТНИЧКИ СКОПЈЕ“-Скопје по одиграните финални натпревари во Плеј оф и постигнатиот резултат, е освојувач на шампионската титула во националното првенство во женска сениорска конкуренција, во сезоната 2025/26.**

**АД-3.** Пласман на екипите од Прва лига-мажи и жени и Втора лига-жени во сезона 2025-26 година.

| ПЛАСМАН - ПРВА ЛИГА- МАЖИ | | |
|---|---|---|
| # | Клуб | Место |
| 1 | ОК „ШТИП УГД“ | Штип |
| 2 | ГОК „БОРЕЦ“ | Велес |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | ОК „СТРУМИЦА 47&72“ | Струмица |
| 4 | ОК „РАБОТНИЧКИ 71&22“ | Скопје |
| 5 | ОК „СУШЕВО 1978“ | с.Сушево |
| 6 | ОК „УНИВЕРЗИТЕТ во Тетово“ | Тетово |
| 7 | ОК „ШКЕНДИЈА“ | Тетово |
| 8 | ОК „ЛИРИЈА“ | с.Жеровјане |
| 9 | ОК „СКОПЈЕ“ | Скопје |
| 10 | ОК „МАКЕДОНИЈА ЏИО“ | Струмица |
| 11 | ОК „ВЕСНА ПРОБИШТИП“ | Пробиштип |
| 12 | ОК „ЈАНТА ВОЛЕЈ мажи 2023“ | Скопје |

Во сениорска машка категорија, Прва лига, се одиграа вкупно 144 натпревари, односно 126 натпревари во регуларниот дел од натпреварувањето (есен-пролет), 11 натпревари во КУП разигрувањата и 7 натпревари во Плеј оф.

- ✓ **ОК „ШТИП УГД“ од Штип е освојувач на КУП-от на ОФМ 2026 и шампионската титула во националното првенство во машка конкуренција во сезоната 2025/2026.**

| **ПЛАСМАН- ПРВА ЛИГА - ЖЕНИ** | | |
|---|---|---|
| # | Клуб | Место |
| 1 | ОК „РАБОТНИЧКИ СКОПЈЕ“ | Скопје |
| 2 | ОК „НАКОВСКИ ВОЛЕЈ“ | Струмица |
| 3 | ОК „МЛАДОСТ УГД“ | Штип |
| 4 | ОК „ЈАНТА ВОЛЕЈ-КВ“ | Скопје |
| 5 | ОК „ГАЗЕЛИ ВОЛЕЈ“ | Скопје |
| 6 | ОК „ПЕЛИСТЕР ВОЛЕЈ“ | Битола |
| 7 | ЖОК „ВАРДАР ЕМ“ | Скопје |
| 8 | ОК „СТРУМИЦА ЖЕНИ“ | Струмица |
| 9 | ОК „ФИТ ФАН ВОЛЕЈ“ | Скопје |
| 10 | ОК „УСКАНА ВОЛЕЈ“ | Кичево |

Во сениорска женска категорија, Прва лига, се одиграа вкупно 127 натпревари, односно 90 натпревари во регуларниот дел од натпреварувањето (есен-пролет), 21 натпревар во КУП разигрувањата и 16 натпревари во Плеј оф разигрувањата.
Еден натпревар е заведен со службен резултат со одлука на Комесарот за натпреварување.

- ✓ **ЖОК „ВАРДАР ЕМ“ од Скопје е освојувач на КУП-от на ОФМ 2026 во женска конкуренција во сезоната 2025/2026.**
- ✓ **ОК „РАБОТНИЧКИ СКОПЈЕ“ од Скопје е освојувач на шампионската титула во националното првенство во женска сениорска конкуренција, во сезоната 2025/26.**

**→ОК „ФИТ ФАН ВОЛЕЈ“- Скопје**, како 9 пласирана екипа во Прва лига-жени, по одиграниот бараж натпревар и постигнатиот резултат, согласно Пропозиции за натпреварување, член 2, следната натпреварувачка сезона, 2026/2027, останува во Прва лига-жени.

**→ОК „УСКАНА ВОЛЕЈ“-Кичево,** како последно пласирана екипа во Прва лига-жени, согласно Пропозиции за натпреварување, член 2 во следната натпреварувачка сезона, 2026/2027, ќе се натпреварува со екипите во Втора лига-жени.

| **ПЛАСМАН - ВТОРА ЛИГА - ЖЕНИ** | | |
|---|---|---|
| # | Клуб | Место |
| 1 | ОК „ФЛАМИНГО ВОЛЕЈ“ | Скопје |
| 2 | ЖОК „ВАРДАР ЖЕНИ 2019“ | Скопје |
| 3 | ОК „ФОРЦА ВОЛЕЈ ЕМА“ | Скопје |
| 4 | ГОК „БОРЕЦ“ | Велес |
| 5 | ЖОК „НОВО СЕЛО“ | Ново Село |
| 6 | ЖОК „КУМАНОВО“ | Куманово |
| 7 | ОК „ЈАНТА ВОЛЕЈ БУТ 2024“ | Скопје |
| 8 | ОК „ВИКТОРИ ВОЛЕЈ“ | Струмица |
| 9 | ОК „БАМИ КОР“ | Тетово |
| 10 | ОК „УНИВЕРЗИТЕТ во ТЕТОВО“ | Тетово |
| 11 | ОК „ВИОЛА ВОЛЕЈ“ | Велес |
| 12 | ОК „ШКУПИ“ | Скопје |
| | ОК „МАКЕДОНИЈА МАКС“ | Струмица |

Во сениорска женска категорија, Втора лига, забележани се вкупно 156 натпревари во регуларниот дел од натпреварувањето (есен-пролет).
Од нив 25 натпревари се заведени со службен резултат со одлука на Комесарот за натпреварување (од коишто 24 натпревари против ОК „Македнија Макс“) .
ОК „Македонија Макс“ од Струмица, согласно член 44 од Пропозициите за натпреварување, бидејќи не настапи на 3 натпревари, неоправдано, се исклучи од натамошното натпреварување.
- Согласно член 49 од Правилникот за натпреваривање, неучествување на пријавените екипи на првенствените и куп, како и на другите натпреварувања, коишто се предвидени со Календарот за натпреварување, иницира дисциплинска одговорност и надомест на материјалните трошоци предизвикани со отказот;
- Согласно член 54 од Правилникот за натпреварување, во случај клубот да се расформира или да се откаже од натпреварувањето, **а не одиграл 50%** од лигашките натпревари, сите резултати од неговите натпревари се бришат. Клубот којшто ќе се пријави и ќе се откаже од натпреварувањето, по автоматизам се суспендира и се поведува дисциплинска постапка.
Бидејќи првенството беше почнато со одиграни три кола, натпреварите коишто по распоред трбаше да се играат против ОК „Македонија Макс“ од Струмица, од 4 коло натаму, се заведуваа со службен резултат за противничките екипи. (Одлука на Комесар за натпреварување-Билтен број 4-А).

Одиграни се вкупно 2 бараж натпревара за опстанок во Прва лига-жени, согласно член 2 од Пропозиции за натпреварување.

**→ ОК „ФЛАМИНГО ВОЛЕЈ“-Скопје** согласно Пропозициите за натпреварување, член 2, како првопласирана екипа во Втора лига-жени, по одиграните натпревари и постигнатиот резултат, директно се квалификува во Прва лига -жени во следната натпреварувачка сезона, 2026/2027.

**→ЖОК „ВАРДАР ЖЕНИ 2019"-Скопје** согласно Пропозициите за натпреварување, член 2, како второпласирана екипа во Втора лига-жени, по одиграниот бараж натпревар и постигнатиот резултат, следната натпреварувачка сезона останува во Втора лига-жени.

- Во сениорските лиги на ОФМ, во сезона 2025/26, одиграни се вкупно 406 натпревари.

**АД-4.** Информации.

- **ПРОПОЗИЦИИ ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ во Државните лиги на ОФМ-2025/2026, (Член 2.)**

Следната натпреварувачка сезона, 2026/2027 година, Прва лига-жени ќе брои 10 (десет) екипи (доколку бројот на пријавени екипи-учеснички е 15 и повеќе). Во натпреварувачка година со пријавено помалку од 15 екипи-учеснички, ќе има само I ранг на натпреварување : Прва лига - жени.

Следната натпреварувачка сезона, 2026/2027, натпреварувањето ќе има I ранг: Прва лига - мажи, која ќе брои 8 (осум) екипи согласно пласманот во претходната натпреварувачка година. Доколку бројот на пријавени екипи дозволува формирање на Втора лига во машка конкуренција, ќе биде формиран II ранг: Втора лига - мажи, со екипите коишто завршија со пласман на 9 место надоле и новопријавените екипи.
Во натпреварувачка година со пријавено помалку од 12 екипи-учеснички, ќе има само I ранг на натпреварување : Прва лига - мажи.

**ЕВРО КУПОВИ И БВА КУП**

Првопласираната екипа се стекнува со право за учество во ЦЕВ Европски купови, во зависност од одлуките на надлежната Комисија на **CEV**, која објавува сопствена ранг листа пред почеток на секоја Евро сезона. Во случај, ако првопласираната екипа го откаже настапот во CEV натпреварувањето, предност за учество има победникот на Купот, а потоа второпласираната екипа од првенството или финалистот на Купот.

1.Поради изречени санкции и нереализирани обврски од истите, забрана за настап имаат следните тренери и играчи:

| # | Клуб | Тренер - Играч | Категорија Мажи / Жени | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ОК „ЈАНТА ВОЛЕЈ-КВ" | АС1-Стојановски Антонио | Прва лига-жени Млади категории | До плаќање |
| 2 | ОК „МАКЕДОНИЈА МАКС" | | Во сите категории | Исклучен од нат. |
| 3 | ОК „УСКАНА ВОЛЕЈ" | Тренер-Емини Бејтула | Прва лига жени Млади категории | Суспензија 1 год. |
| 4 | ОК „ЛИРИЈА" | Играч-Ферати Семир | Прва лига-мажи | Суспензија до крај на сезона |
| 5 | ОК „СТРУМИЦА 47&72" | Играч-Ричлиев Ефтим | Прва лига-мажи | До плаќање |
| 6 | ОК „РАБОТНИЧКИ СКОПЈЕ" | АС1-Попов Јане | Прва лига-жени | До плаќање |

**АД-5.** Заклучок.

Заклучокот од одиграната сезона во сениори, мажи и жени, може да се сумира низ следните клучни забелешки:

- Оваа сезона се одликуваше со голем број одиграни натпревари, што претставува позитивен исчекор во однос на интензитетот и активноста на натпреварувањето. Сепак, истата беше проследена со одредени организациски, технички и кадровски слабости кои значително влијаат врз квалитетот на натпреварите, проблеми кои што се провелкуваат од сезона во сезона.
- Во делот на судењето и организацијата, има недостиг на судиски кадар, како и недоволна подготвеност на судиите за извршување на своите задачи.
- Дополнително, недостигот на професионална комуникација и меѓусебно почитување помеѓу сите учесници (тренери, судии, клубови) негативно влијае врз спортскиот дух и остава лош пример за младите натпреварувачи.

И покрај забележаните слабости, сезоната донесе и позитивни аспекти кои треба да се истакнат:

- Сезоната се одликуваше со значително зголемен број на одиграни натпревари, во споредба со минатата сезона, што придонесе за поголема активност, натпреварувачко искуство и континуитет кај младите одбојкари и одбојкарки.
- Клубовите покажаа ангажираност и покрај ограничените ресурси, успеаја да учествуваат во повеќе категории и да овозможат настап на поголем број млади играчи во натпреварувачки процес.
- Натпреварувањето се реализираше во сите три натпреварувачки категории до крај, што покажува одредено ниво на посветеност и истрајност кај учесниците.
- Ангажманот на судии овозможи натпреварувањата да се одвиваат непречено и покрај кадровските предизвици.
- Преку одиграните натпревари се создадоа услови за стекнување на практично искуство, унапредување на играта и препознавање на таленти, што е значајно за понатамошниот развој на одбојката.

Сезоната покажа дека постои база, интерес и потенцијал за напредок, што претставува добра основа за идно подобрување на организацијата и квалитетот на натпреварувањето.

Во целина, сезоната треба да послужи како основа за темелна анализа и преземање конкретни мерки со цел подобрување на организацијата, зголемување на одговорноста кај сите чинители и подигнување на квалитетот на одбојкарското натпреварување во иднина.

Скопје, 13.05.2026 год.

*Сања Никчевиќ с.р.*
Комесар за натпреврува ОФМ